STAR WARS

# BATTLE OF HOTH

## СЦЕНАРИЈА



DAYS OF WONDER

001

# 1 ИЗВИДНИЧКА МИСИЈА






При рутинска извидничка мисија бунтовничките сензори фаќаат трансмисија со империјалниот комуникациски код, емитуван од снежните рамнини на Хот. Остриот пејзаж на ледената планета и самиот суров и страшен, сега ја трпи и тежината на имперјалните чизми.

Во моментите кога малиот баталјон snowtrooper-и ја започна својата потрага по базата на бунтовниците, од соседните ледени дини започнува експлозивна стрелба. Додека бунтовниците се придвижуваат и ги ангажираат snowtrooper-ите со цел да не дозволат трансмисија на повеќе информации до главнината на империјалните сили, непријателот се обидува да го неутрализира првиот напад и да ја лоцира бунтовничката база.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

4

- Почнувате со 4 командни карти
- Вие сте први на ред
- Победа: 4 медали

4×

• Кога ќе елиминирате единица Извиднички дроид, добивате 2 медали.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

3

- Почнувате со 3 командни карти
- Победа: 4 медали

4×

# 2 КОНТРАНАПАД НА SNOWSPEEDER-ИТЕ

002






По првичните борбени контакти со Империјалните сили, време е Алијансата да ја организира својата одбрана против претстојната империјална инвазија на Хот. Нема време за губење, бидејќи извидниците веќе стапуваат во контакт со оклопните империјални сили.

Високата команда на Ехо базата набрзина склопува неколку модифицирани Т-47-ци за да го одложи брзото менување на рамнотежата на силите во корист на Империјата. Целта на бунтовниците е да се елиминираат што е можно повеќе snowtrooper-и, да се одложи нивното напредување, а можеби дури и да се елиминира понекој AT-AT.

За империјалните сили, безначајните бунтовници не се закана. Тешко-оклопениот AT-AT би требало лесно да помине низ нив без воопшто и да успори.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

- Почнувате со 4 командни карти
- Вие сте прв на ред
- Победа: 4 медали

4

4×

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

- Почнувате со 4 командни карти
- Победа: 4 медали

4

4×

# 3 НЕПРИЈАТЕЛОТ Е ЗАБЕЛЕЖАН






Додека патролата им завршуваше, бунтовничките војници забележуваат движење во далечината меѓу карпестите формации. Неколку моменти подоцна, добиваат предупредување за присуството на империјални трупи во областа, а нивните најтешки стравови се потврдуваат: непријателот навистина е таму и наскоро ќе им биде во дострел.

Империјалните сили, барајќи ја локацијата на бунтовничката база, се решени да ја елиминираат оваа мала закана и брзо да ја продолжат својата извидничка мисија. Сепак, нивните сензори забележуваат пристигнување на воздушни засилувања и се чини дека е потребна претпазливост. Никој не сака да биде тој што ќе ја пријави загубата на вредениот AT-AT на лорд Вејдер, особено пред почетокот на инвазијата на Хот.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

4

5×

- **Почнувате со 4 командни карти**
- **Победа: 5 медали**

• Кога ќе елиминирате AT-AT единица, добивате 2 медали.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

4

5×

- **Почнувате со 4 командни карти**
- **Вие сте прв на ред**
- **Победа: 5 медали**

# 4 УСПЕШНО ПРИЗЕМЈУВАЊЕ






И покрај отпорот на бунтовниците, борбената група Бура е распоредена на терен и има задача да го расчисти патот за целата инвазиона сила. Предходницата започнува со елимининација на бунтовничката одбранбена позиција и лоцирање на точната локација на бунтовничката база.

Неколку AT-AT возила се појавуваат на видик, но бунтовничките ветерани се подготвени да жртвуваат сè за да го забават империјалното напредување и да ја одбранат својата позиција. Секој војник ја знае својата цел: да обезбеди време за Ехо базата да ги организира своите сили и да се подготви за главниот напад.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

- Почнувате со 4 командни карти
- Победа: 4 медали

4

4×

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

- Почнувате со 4 командни карти
- Вие сте прв на ред
- Победа: 4 медали

4

4×

• Occupying the buildings hex with the symbol grants 1 temporary victory medal (the Rebel Alliance starts with this medal).



# 5 ОДБРАНА НА РИДОТ АЛФА






Империјалната извидница откри добро поставена одбранбена позиција во долината, со вкрстени бунтовнички артилериски орудија. Претпоставката е дека станува збор за преголема закана за тешко оклопните возила и затоа целосен фронтален напад е исклучен како опција, па испратена е само мала борбена група со задача да го расчисти патот и да го заземе централниот рид.

Бунтовничката алијанса реши ридот Алфа да биде клучна одбранбена позиција, преку која ќе има контрола врз долината што води директно до базата Ехо. Артилеријата е поддржана од копнени трупи кои служат за покривање на крилата, а една snowspeeder единица е испратена да им помогне. Бунтовниците знаат дека ако оваа позиција падне, тоа ќе резултира со отворен коридор за империјалните инвазиони сили да добијат пристап до главната база низ повеќе вектори.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

5

- Почнувате со 5 командни карти
- Победа: 5 медали

5×

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

5

- Почнувате со 5 командни карти
- Вие сте прв на ред
- Победа: 5 медали

5×

- Со окупирање на шестоаголникот со урнатините означен со се добиваат 2 привремени медали (Бунтовничката алијанса овие два медали ги има на почетокот).

# 6 ИМПЕРИЈАЛНИТЕ ИНФОРМАЦИИ






Империјален шатл се спушти во близина на некои рововски испостави, а бунтовнички извидувачки единици се испратени да ги проверат остатоците. Шатлот е сѐ уште недопрен и може да содржи витални информации за движењата на империјалните трупи и распоредот на силите за слетување, така што целта на бунтовниците е да ја преземат и да ја држат контролата над шатлот што е можно подолго за да ги пренесат податоците назад во базата Ехо за анализа.

Сигналот за помош е испратен од офицерскиот шатл, а на местото на несреќата се испратени империјални сили. Империјалните наредби се - да се уништат непријателските сили кои евидентно се движат кон шатлот. Snowtrooper-ите да продолжат да дејствуваат додека задачата не биде извршена.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

4

5×

- Почнувате со 4 командни карти
- Вие сте прв на ред
- Победа: 5 медали

• **Собирање податоци:**
На почетокот од вашиот круг, ако бунтовничка пешадиска единица се наоѓа на шестоаголникот со урнатини кој има (симбол), добивате перманентен медал. Секој круг можете да добивате по еден медал на овој начин.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

4

5×

- Почнувате со 4 командни карти
- Победа: 5 медали

• **Империјална воена машинерија:**
Кога некоја од вашите пешадиски единици ќе биде елиминирана, ставете фигура на работ од таблата како потсетник. На крајот од следниот ваш круг, додајте нова пешадиска единица на кој било од вашите шестоаголници што се на вашата базна линија за секоја фигура поставена на работ од таблата.

# 7 НАПАД НА ИСПОСТАВАТА






Додека борбената група Бура немилосрдно напредува кон бунтовничката база, една империјална извидничка единица воочува нова странична закана. Она што првично се чинеше дека се остатоци од бунтовничките сили, е всушност бунтовничка испостава утврдена во ледените дини на Хот, заштитена со артилерија. Пред да се продолжи понатаму, се испраќаат сили за справување со заканата.

Високата команда на Ехо базата дава наредба на своите сили да ги ангажираат единиците на Империјата на сите фронтови за да го запрат нивното напредување и да им нанесат што е можно поголеми губитоци. Snowspeeder-ите ќе се вклучат во борбата, но копнените сили ќе треба да го издржат притисокот на империјалната воена машина додека тие не пристигнат.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

4

- Почнувате со 4 командни карти
- Победа: 5 медали

5×

- **Воздушни засилувања:** на почетокот од партијата, поставете 5 медали пред вас. На крајот од секој ваш круг, тргнете по 1 медал. Откако ќе го тргнете последниот медал, наместо да играте командна карта, можете, во кој било круг и само еднаш во партијата, да распоредите 2 Snowspeeder единици на кој било од шестоаголниците на вашата базна линија. Овие 2 единици веднаш се активирани и можат нормално да се движат и нападнат во тој круг.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

4

- Почнувате со 4 командни карти
- Вие сте прв на ред
- Победа: 5 медали

5×

- Шестоаголникот со градба (бунтовничка испостава) е перманетен медал за вас.

# 8 ПРВА ПОМОШ!






При проверка на трупите, висок офицер на бунтовниците станува мета на силен империјален бараж и критично е ранет. Империјата е решена да го зароби офицерот за да ги попречи одбранбените напори на Бунтовничката алијанса и да извлече вредни воени разузнавачки информации.
Бунтовничката алијанса е свесна за опасната позиција во која се наоѓа и приоритетните наредби се сведуваат на тоа да се евакуира ранетиот офицер назад, низ одбрамбените линии на безбедно. Snowspeeder-ите кои се во близина се испратени како засилување за да помогнат во повлекувањето.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

4

5×

- Почнувате со 4 командни карти
- Победа: 5 медали или исполнување на посебни услови

• **Посебни услови за победа: Евакуирајте го офицерот.**
Бунтовничкиот офицер е претставен со медал. Кога се движите со единица која е на ист шестоаголник со офицерот, можете да го придвижите заедно со вашата единица. Кога единицата со офицерот ќе излезе од бојното поле низ еден од излезните шестоаголници, се смета дека сте го евакуирале офицерот и веднаш победувате.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

4

5×

- Почнувате со 4 командни карти
- Вие сте прв на ред
- Победа: 5 медали или исполнување на посебните услови

• **Посебни услови за победа: Заробете го бунтовничкиот офицер.**
Ако во кое било време, некоја од вашите единици го заземе шестоаголникот со медалот, тоа значи дека сте го заробиле бунтовничкиот офицер и веднаш победувате.

• **Специјални правила за повлекување:** За секое фрлено Повлекување, единиците се повлекуваат 1 шестоаголник спротивно од насоката од која што доаѓа нападот, наместо вообичаеното повлекување во правец на базната линија. Во сценариово ова правило ги заменува нормалните правила за повлекување.

# 9 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ОДБРАНБЕНИТЕ ПОЗИЦИИ






Разоткривањето на базата Ехо не и остави на Бунтовничката алијанса никаква друга опција освен да усвои целосно одбранбена позиција. Непопустливата моќ на империјалната воена машина не може да се запре, но ако бунтовниците сакаат да имаат каква било надеж за евакуација на базата, треба да добијат на време.

Бунтовничкиот баталјон мора да ги обезбеди одбранбените позиции поставени на местата каде што се очекуваат бранови од snowtrooper-и, за да го осигура својот опстанок и да ја исполни мисијата. Соочувајќи се со непријателот, бунтовниците сфаќаат дека им следи и средба со озлогласената E-Web единица.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

4

- **Почнувате со 4 командни карти**
- **Вие сте прв на ред**
- **Победа: 4 медали или исполнување на посебни услови**

4×

• **Посебни услови за победа:**
Ако вашите единици истовремено се наоѓаат на 3-те шестоаголници со медали, веднаш победувате.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

4

- **Почнувате со 4 командни карти**
- **Победа: 4 медали**

4×

# 10 ЦЕЛ СЕ ГЕНЕРАТОРИТЕ НА ШТИТОВИ






Од позицијата на која што се наоѓаат, AT-AT возилата конечно ги здогледуват генераторите на штитови што ја штитат базата Ехо. Империјата нареди целосна елиминација на бунтовниците, така што следната цел е уништување на бунтовничките штитови.

Бунтовниците успеаја да задржат време, па затоа артилеријата е спремна, рововите се полни со бунтовнички војници, а две ескадрили snowspeeder-и чекаат во резерва. Ако постои некаква надеж за евакуација на Ехо базата, ќе треба по секоја цена да се заштитат генераторите на штитови и да се добие уште повеќе на време.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

4

5×

- Почнувате со 4 командни карти
- Победа: 5 медали

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

4

- Почнувате со 4 командни карти
- Вие сте прв на ред
- Победа: Исполнување на посебни услови

- **Посебни услови за победа:**
  Победувате веднаш штом ги елиминирате двата Генератори на штитови. Единиците на бојното поле можат да ги напаѓаат Генераторите на штитови според нормалните правила. Генераторите на штитови ги елиминирате ако фрлите Експлозија.
- Со елиминирање на бунтовничките единици не добивате медали.

# 11 БУНТОВНИЧКИ ПРОБИВ






Додека Империјата продолжува со немилосрдното напредување кон базата Ехо, на бунтовничките сили им е наредено да се повлечат бидејќи одбранбените линии им се преоптоварени. Во конфузијата, мала група елитни бунтовнички извидници и специјални сили се наоѓаат отсечени и изолирани зад империјалните линии.

Пред Империјата целосно да ги опколи, бунтовничките војници започнуваат со очајно бегство низ снежните дини. Тие треба да се справат со двете E-Web единици во областа и да ги пробијат непријателските линии за да стасаат до безбеден терен.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

3

5×

- **Почнувате со 3 командни карти**
- **Вие сте прв на ред**
- **Победа: 4 медали**

- За секоја бунтовничка единица што ќе излезе од бојното поле преку некој од шестоаголниците на базната империјална линија, веднаш добивате 1 медал. Поставете една фигура од единицата што излегла на некое од празните бунтовнички места за медали.
- Кога ќе елиминирате единица Извиднички дроид, добивате 1 медал.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

4

5×

- **Почнувате со 4 командни карти**
- **Победа: 4 медали**

- **Сите сртови се стрмни.** Влегување во шестоаголник со стрмен срт е движење од два шестоаголника, освен ако единицата не доаѓа од друг шестоаголник со стрмен срт.

# 12 ПОД ОПСАДА






Додека AT-AT возилата заземаат позиција, snowtrooper-ите ги подготвуваат своите орудија и се спремни да го започнат нападот. Снежните ридови им овозможуваат безбедно да се приближат до одбрамбените кули на базата Ехо, но што и да направат бунтовниците, империјалната цел е да се пробие одбраната на базата.

Најискусните бунтовнички пилоти на Snowspeeder-и се на самиот праг на Ехо базата во очајнички обид да го запрат империјалниот напад. Сега е вистинскиот момент преку прецизен удар да се спречи империјалната пешадија да навлезе во базата.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

- Почнувате со 5 командни карти
- Победа: 4 медали

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

- Почнувате со 5 командни карти
- Вие сте прв на ред
- Победа: 4 медали

• Имате привремен медал се додека империјална пешадиска единица се наоѓа на кој било од шестоаголниците со ⚙. На овој начин можете да добиете само 1 медал.

• **Специјални правила за повлекување:** За секое фрлено Повлекување, единиците се повлекуваат 1 шестоаголник спротивно од насоката од која што доаѓа нападот, наместо вообичаеното повлекување во правец на базната линија. Во сценариово ова правило ги заменува нормалните правила за повлекување.

• **Воено истоштување:** Можете да го скокнете вашиот круг, да ги фрлите сите ваши командни карти и да влечете ист број командни карти -1.

# 13 ВО ЕХО БАЗАТА






Империјалните сили конечно пробија во објектот на бунтовниците, но не успеаја да воспостават упориште во базата. Сепак, нивните импозантни транспортери се подготвени да истоварат бранови империјални војници кои ќе ја напаѓаат базата. Време е да се уништи отпорот на бунтовниците во името на лорд Вејдер.

Бунтовниците успеваат да состават некаква последна линија на отпорот фокусирана околу артилеријата, поддржана од преживеаните snowspeeder-и и бунтовнички ветерани кои повторно ги заземаат рововите. Високата команда на бунтовниците испраќа наредби за елиминација на AT-AT возилата и битен е секој драгоцен момент без присуство на империјални сили во базата.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

4

- **Почнувате со 4 командни карти**
- **Победа: 5 медали или исполнување на Посебни услови**

5×

- **Посебни услови:**
  Победувате веднаш штом елиминирате 3 AT-AT единици.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

4

- **Почнувате со 4 командни карти**
- **Вие сте прв на ред**
- **Победа: исполнување на Посебни услови**

- **Посебни услови:**
  Победувате веднаш штом излезете со 3 пешадиски единици преку излезните шестоаголници.
- Со елиминирање на бунтовничките единици не добивате медали.
- На крајот од вашиот круг, можете да поставите ЕДНА пешадиска единица во кој било шестоаголник кој се наоѓа до НЕКОЈА од вашите AT-AT единици.

# 14 ДА СЕ ЗАШТИТИТАТ ТРАНСПОРТЕРИТЕ






AT-AT и бескрајното море од snowtrooper-и имаат задача да го елиминираат јонскиот топ кој овозможува успешна евакуација на бунтовничките транспортери. Губитоците на бунтовниците се дополнителен бонус, но не и главна цел.

Евакуацијата на базата Ехо продолжува паралелно со продорот на империјалните сили во базата, но сè се заснова на јонскиот топ кој пружа заштита на транспортерите и нивните борбени придружби. Копнените сили на бунтовниците треба да го штитат топот доволно долго за транспортерите да се извлечат од базата со бунтовниците, кои успешно ќе избегаат за да се регрупираат и продолжат со борба во иднина.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

4

3×

- **Почнувате со 4 командни карти**
- **Победа: 3 медали**

- Со елиминирање на империјалните единици не добивате медали.
- **Стрелање со Јонскиот топ:** На крајот од секој ваш круг, поставете 1 медал пред вас, а можете да имате најмногу 3. Тие служат за броење. На почетокот на кругот, ако имате 3 медали, можете да стрелате со Јонскиот топ и да заштитите еден транспорт: поставете еден од трите медали на некое од вашите празни места за медали и фрлете ги другите два. Ако одлучите да не стрелате со Јонскиот топ, не додавајте медал за броење пред вас на крајот од кругот. Не додавајте медал за броење кога ќе стрелате со Јонскиот топ.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

4

- **Почнувате со 4 командни карти**
- **Вие сте прв на ред**
- **Победа: исполнување на посебни услови**

- **Посебни услови за победа:**
  Ако го уништите Јонскиот топ, веднаш победувате. Единиците можат да го напаѓаат Јонскиот топ според нормалните правила. Јонскиот топ го елиминирате ако фрлите Експлозија.
- Со елиминирање на бунтовничките единици не добивате медали.

# 15 ПОВЛЕКУВАЊЕ ПРЕКУ ЈУЖНАТА ПОРТА






Високата команда на бунтовниците дознава дека сите преживеани бунтовници треба да се повлечат преку назначените рути за евакуација. За да помогнат да се зачуваат што е можно повеќе војници, артилеријата на бунтовниците и група snowspeeder-и заеднички ќе се обидат да ги задржат империјалните сили, со што ќе им овозможат на бунтовничките војници да избегаат.

Бранителите почнуваат да се повлекуваат, па Империјата турка напред за да ја уништи оваа борбена сила и да ги спречи да избегаат во замрзнатите дивини на планетата Хот или да се прегрупираат со други бунтовници. Иако грубиот терен ќе го забави повлекувањето на непријателот, сепак во крајна линија, ќе го заштити од империјалниот оган, така што еден одлучувачки напад е од витално значење.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

5

5×

- **Почнувате со 5 командни карти**
- **Вие сте прв на ред**
- **Победа: 5 медали**

- Со елиминирање на империјалните единици не добивте медали.
- Бунтовничките пешадиски единици можат да излезат од бојното поле преку излезните шестоаголници обележани со . Поставете една фигура од единицата што излегла на едно од бунтовничките места за медали.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

4

- **Почнувате со 4 командни карти**
- **Победа: исполнување на посебни услови**

- **Посебни услови за победа:**
  Победувате веднаш штом елиминирате 4 бунтовнички пешадиски единици.

# 16 ЕВАКУАЦИЈА НА ЕХО БАЗАТА






Империјалните сили успешно ја преземаат целосната контрола врз Ехо базата, а последниот транспортен брод успева да побегне. Бунтовничките трупи се опкружени со непријателски империјални сили, а нивната мисија сега е опстанок и бегство во снежната дивина на Хот.

Империјата им го блокира патот и иако не успеаја да ја спречат евакуацијата на базата Ехо, фаќањето или елиминацијата на сите преостанати бунтовници е нивниот нов приоритет. AT-AT отвора оган во овој сектор, додека бунтовничките војници се обидуваат да се пробијат низ империјалните линии и да се спасат. Во меѓувреме, snowtrooper-ите се трудат да заземат високи позиции за да имаат увид во бојното поле и да ја осигураат целосната елиминација на бунтовничките ѓубриња што бегаат.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

4

5×

- Почнувате со 4 командни карти
- Вие сте прв на ред
- Победа: 5 медали

• Бунтовничките единици можат да излезат од бојното поле преку било кои шестоаголници на империјалната базна линија. Поставете една фигура од единицата што излегла на некое од празните бунтовнички места за медали.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

4

5×

- Почнувате со 4 командни карти
- Победа: 5 медали

• Ако единицата го заземе сртот со симболот, играчот кој ја управува влече дополнителна карта на крајот од својот круг. Ако ја изгуби контролата над сртот, мора веднаш да фрли било која од картите што му се во рака.

# 17 ПОСЛЕДНИОТ ОТПОР






По падот на базата Ехо и евакуацијата на последните бунтовнички транспортни возила, империјалните трупи сега се соочуваат само со неколку расеани непријателски единици - некои во повлекување, а други опколени.

Меѓу нив, мала пешадиска група, утврдена околу последната оперативна бунтовничка артилерија, гледа како се стега обрачот. Ако бунтовниците сè уште имаат некаква шанса да избегаат, ова најверојатно е последната.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

5

5×

- **Почнувате со 5 командни карти**
- **Вие сте прв на ред**
- **Победа: 5 медали**

• Бунтовничките единици можат да излезат од бојното поле преку излезните шестоаголници означени со . Поставете една фигура од единицата што излегла на некое од празните бунтовнички места за медали.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

5

5×

- **Почнувате со 5 командни карти**
- **Победа: 5 медали**

• Со окупирањето на шестоаголникот на сртот означен со добивате 2 перманентни медали.

• **Специјални правила за повлекување:** За секое фрлено Повлекување, единиците се повлекуваат 1 шестоаголник спротивно од насоката од која што дојѓа нападот, наместо вообичаеното повлекување во правец на базната линија. Во сценариово ова правило ги заменува нормалните правила за повлекување.

• **Воено истоштување:** Можете да го скокнете вашиот круг за да ги фрлите сите ваши командни карти и да влечете ист број командни карти -1.

# 18 НАПАДОТ НА ХОТ - ЕПСКО СЦЕНАРИО

ЕПСКО

018

***Епско сценарио:** ако поседувате два примерока од игрaва или имате можност да комбинирате ваш примерок од игрaва со примерок од игрaва на некој ваш пријател, можете да играте епско сценарио на поголемо бојно поле, кое вклучува повеќе единици од двете страни. За да го направите тоа, само споите ги таблите. Правилата се идентични со оние на стандардните сценарија.*






По успешното слетување на Хот, империјалните сили ги имаат на повидок генераторите на штитови што ја штитат базата Ехо. Лордот Вејдер нареди бунтовниците да бидат целосно збришани. Уништувањето на бунтовничките штитови е од витално значење, но борбената група Бура мора да го уништи и јонскиот топ на бунтовниците за да спречи уште повеќе непријателски транспортни бродови да избегаат од ледената планета.
Поради тоа што бунтовниците успеаја да добијат на време, одбранбените позиции се подготвени, рововите се полни со бунтовнички војници, а ескадрилите со snowspeeder-и се подготвени да се приклучат на битката. Ако има некаква надеж за евакуација на базата ќе треба да се заштитат генераторите на штитови и јонскиот топ, по секоја цена и да се добие уште повеќе време.

## БУНТОВНИЧКА АЛИЈАНСА

6

10×

- **Почнувате со 6 командни карти**
- **Победа: 10 медали**

- **Стрелање со Јонскиот топ:** На крајот од секој ваш круг, поставете 1 медал пред вас, а можете да имате најмногу 4. Тие служат за броење. На почетокот од кругот, ако имате 4 медали, можете да стрелате со Јонскиот топ и да заштитите еден транспорт: поставете еден од четирите медали на некое од вашите празни места за медали и фрлете ги другите три. Ако одлучите да не стрелате со Јонскиот топ, не додавајте медал за броење пред вас на крајот од кругот. Не додавајте медал за броење кога ќе стрелате со Јонскиот топ.
- **Бунтовничка ескадрила:** 2-те Snowspeeder единици на шестоаголниците со градба имаат 4 фигури наместо три. Тие не можат да напаѓаат се додека не се придвижат од шестоаголниците на зградата.

## ГАЛАКТИЧКА ИМПЕРИЈА

6

10×

- **Почнувате со 6 командни карти**
- **Вие сте прв на ред**
- **Победа: 10 медали**

- Единиците на бојното поле можат да ги напаѓаат Генераторите на штитови и Јонскиот топ според нормалните правила. Генераторите на штитови и Јонскиот топ ги елиминирате ако фрлите Експлозија. За елиминирање на секој од Генераторите на штитови, како и за Јонскиот топ, добивате по два медали.
- Со заземањето на кој било шестоаголник со градба добивате перманетен медал.

# СОДРЖИНА


Извидничка мисија ---------------------- 2
Контра-напад на snowspeeder-ите ------- 3
Непријателот е забележан --------------- 4
Успешно слетување ---------------------- 5
Одбрана на ридот Алфа ------------------ 6
Империјалните податоци ----------------- 7
Напад на испоставата ------------------- 8
Прва помош! ---------------------------- 9
Обезбедување одбранбените позиции --- 10
Цел се генераторите на штитови -------- 11
Бунтовнички пробив --------------------- 12
Под опсада ----------------------------- 13
Во Ехо базата -------------------------- 14
Да се заштитат транспортерите --------- 15
Повлекување преку Јужна порта --------- 16
Евакуација на Ехо базата --------------- 17
Последниот отпор ----------------------- 18
Нападот на Хот – *Епско сценарио* ------- 19


## BATTLE OF HOTH СЦЕНАРИО ЕДИТОР



- **СОЗДАВАЈТЕ** ваши сопствени сценарија
- **СПОДЕЛЕТЕ** ги вашите творби со останатите играчи
- **ИГРАЈТЕ** сценарија создадени од други играчи

WWW.DAYSOFWONDER.COM/BATTLEOFHOTH/

# ЗАСЛУГИ


**Автори** • Richard Borg, Adrien Martinot

**Илустрации** • Benjamin Carré, Christophe Duhaze, Tony Foti, Clément Masson

**Графички дизајн** • Cyrille Deaujan

**Продукциски дизајн** • Adrien Martinot

**Вајари на фигурите** • Yannick Hennebo, Adrien Martinot

**Текст** • Jesse Rasmussen, Sébastien Rio

**Уредник** • Jesse Rasmussen

**Графичко истражување** • Caroline Sebayhi

**Развој** • Sébastien Rio

**Сценарија** • Sébastien Rio, Tanguy Gréban, Adrien Martinot

Thanks to all the playtesters and their sparring partners who helped us: Jacques, François, Hervé, Marc, Jon, Joe, Mack, Dennis, Tanguy, Luca, Simone, Franck, Arnaud, Arthur, Lucien, Jules, Udo, Bert, Andres, Matt, Dan, Julie, Chris, Jesse, Beth, Geneva, Ron, Nastassja, Matt, Dana, Antoine, Victor, PH, Amandine, Mathieu, Christophe, Ludovic, Maël, Emi and Lydie.

And a very special thanks to Ewan, without whom this idea would not have come to life.



© & ™ Lucasfilm Ltd.

Days of Wonder and the Days of Wonder logo are registered trademarks of Asmodee North America and Days of Wonder.
© 2025 Days of Wonder - All Rights Reserved.